Врз основа на член 4, 5, 6, 15, 18, 21, 22, 23 и 24 од Законот за здруженија и фондации („Службен Весник" на РМ бр. 52/2010, со останатите донесени измени и дополнувања), СОБРАНИЕТО на Здружението Радио аматерски клуб „СТЕВО ПАТАКОТ" - Битола, на седницата одржана на ден 28.12.2023 год. донесе :

# С Т А Т У Т

НА ЗДРУЖЕНИЕТО РАДИОАМАТЕРСКИ КЛУБ
„СТЕВО ПАТАКОТ" - БИТОЛА

## I. ОПШТИ ОДЕРЕДБИ

### Член 1

Радио аматерскиот клуб „СТЕВО ПАТАКОТ" - Битола (во понатамошниот текст : Радио клуб) е стручно, доброволно, самостојно, непрофитно и непартиско здружение на граѓаните.

### Член 2

Точното име на Радио клубот е : Здружение Радио аматерски клуб „СТЕВО ПАТАКОТ" - Битола, а скратеното име на Радио клубот е РАК „СТЕВО ПАТАКОТ" - Битола.

### Член 3

Радио клубот е членка на „Народна Техника" - Битола и со седиште во просториите на Домот за техничка култура при „Народна Техника" - Битола на ул. „Партизанска" бб. во Битола.

### Член 4

Радио клубот е правно лице со права, обврски и одговорности што произлегуваат од Уставот и Законите на Република Северна Македонија, Статутот на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија и овој Статут.

### Член 5

(1) Радио клубот има свој печат и штембил.
(2) Печатот има тркалезна форма на кој е напишан текстот: Здружение Радиоаматерски клуб ,,Стево Патакот" - Битола, а покрај тоа штембилот има и место за рубрики, број и датум.

### Член 6

Радио клубот дејствува на подрачјето на Општина Битола и регионот.

### Член 7

(1) Согласно член 12 и 13 од Законот за здруженија и фондации, здружението – Радио клубот е непрофитна и непартиска организација и истата не може да изврши трансформација во други видови правни лица.
(2) Согласно член 12 ст.2 од истиот Закон, Радио клубот може да врши дејност со која може да стекне добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со Статутот.

## II. ОСНОВНИ ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА РАДИО КЛУБОТ

### Член 8

(1) Основните програмски цели и задачи на Радио клубот се :
- Поттикнување, развивање и јакнење на интересот кај: децата, младината и кај возрасните

за електрониката и телекомуникацијата во сите нејзини форми;
- Континуирано издигнување на своите членови преку организирање на настава од областа на конструкторството, радиотелеграфијата, радиофонијата и другите области од електрониката и телекомуникациите;
- Учество, односно организирање на спортско - технички натпревари;
- Организирање на други активности од областа на дејноста на Радио клубот.

## III. ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА РАДИО КЛУБОТ

### Член 9

(1) Дејноста на Радио клубот - Битола се одвива преку секциите за: КБ, УКБ, АРГ, ХСТ, конструкторската секција, секцијата за дигитален пренос и секцијата за микросметачи.
(2) По потреба, а по претходно донесена Одлука на Собранието на Радио клубот, можат да се формираат и други секции.

## IV. ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РАДИО КЛУБОТ

### Член 10

(1) Член на Радио клубот може да биде секое лице, државјанин на Република Северна Македонија, кое ги прифаќа одредбите од Статутот на Радио клубот.
(2) По исклучок, член на Радио клубот може да биде и странски државјанин, под услови и во согласност со законите на Република Северна Македонија.
(3) Член на Радио клубот може да биде и лице со навршени 14 години возраст.

### Член 11

Заинтересираното лице за зачленување во Радио клубот поднесува писмена пристапница, а доколку истото лице е малолетно, потребна е писмена согласност од негов законски застапник - родител или старател.

### Член 12

Членот на Радио клубот кој не се придржува на своите обврски кон Радио клубот, може да биде дисциплински казнет.

### Член 13

За причинетата штета на Радио клубот, причинителот на истата одговара материјално според позитивно - правните прописи на Република Северна Македонија.

### Член 14

(1) Дисциплински мерки кои Радио клубот може да ги изрече спрема својот член се :
- Опомена
- Исклучување од клубот до 3 месеци
- Исклучување од членството на клубот

(2) Дисциплинската мерка ја изрекува Собранието на Радио клубот.

### Член 15

(1) До престанок на членството во Радио клубот може да дојде :
- Во случај на смрт на членот на Радио клубот
- По барање на членот на Радио клубот
- Со донесена одлука на Собранието на Радио клубот.

**Член 16**

Радио клубот води регистар на членството.

## V. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА РАДИО КЛУБОТ

### V-1. С О Б Р А Н И Е

**Член 17**

(1) Највисок орган на управување на Радио клубот е Собранието кое работи на седници.
(2) Видови седници на Собранието на Радио клубот :
- Редовна седница на Собранието, која се одржува најмалку еднаш годишно
- Изборна седница на Собранието, која се одржува на секои 4 години
- Вонредна седница на Собранието, која се свикува по барање од најмалку 1/3 од членовите на Собранието, по претходно писмено барање.

(3) Собранието може да работи и полноправно да одлучува доколку на седницата се присутни мнозинството од членовите на Собранието, а одлуките се сметаат за донесени доколу за истите се изјасниле мнозинството од присутните членови на Собранието.
(4) Седниците на Собранието на Радио клубот, по правило, се одржуваат со лично и непосредно присуство на членовите на Собранието, на точно определени место и време на одржување на седниците.
(5) Собранието на Радио клубот може да работи и одлучува без лично присуство на членовите на Собранието и тоа преку телефонски или аудио-визуелни конференциски врски, со користење на соодветни технички уреди – апарати од страна на членовите на Собранието.
(6) Доколку се одржува работа на Собранието на начин како во ставот 5 од овој член, истата задолжително треба да биде снимена во целиот нејзин тек, од почетокот до завршувањето, при што снимката задолжително треба да биде сочувана во соодветен носач на електронски податоци, која снимка треба да биде подобна за репродуцирање и прикажување, поради изготвување на писмен записник од содржината на снимката, по што носачот на електронските податоци со снимката и со записникот се архивираат.

**Член 18**

На изборната седница, Собранието избира Претседател на Радио клубот, кој е воедно и Претседател на Собранието, а чиј мандат трае 4 години со можност за негов повторен избор.

**Член 19**

(1) Надлежностите на Собранието се состојат од:
- Утврдување и донесување на програма за работа на Радио клубот.
- Разгледување актуелни прашања од областа на делувањето на Радио клубот.
- Утврдување на правците за развој на клубот и давање насоки за натамошна работа.
- Донесување на Статутот на Радио клубот и неговите измени и дополнувања.
- Избирање, именување и разрешување на Претседател и Потпретседател на Радио клубот.
- Избирање на претставници-делегати за во Собранието на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија и во други органи и здруженија, доколку е тоа потребно.
- Разгледување и усвојување на годишни и финансиски извештаи за работењето на Радио клубот и нивно доставување до надлежниот орган.
- Одлучување за внатрешната организација на здружението и промена на целите на здружението.
- Одлучување за престанок со работа на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението.
- Одлучување за сите други прашања во врска со работењето и потребите на Радио клубот, согласно статутот, актите и позитивните прописи.

### V-2. П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

**Член 20**

(1) Претседателот на Радио клубот ги има следните овластувања :
- Ја координира работата на Радио клубот.
- Ја свикува и води седницата на Собранието на Радио клубот.
- Го претставува и застапува Радио клубот пред други субјекти.
- Овластен е финансиски потписник на трансакциската с-ка на Радио клубот.
- Врши и други работи што произлегуваат од неговата должност.
- Во негово отсуство него го заменува Потпретседателот на Радио клубот.

## V-3. П О Т П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

**Член 21**

(1) На изборната седница, Собранието избира и Потпретседател на Радио клубот, кој е воедно и Потпретседател на Собранието на Радио клубот, со мандат од 4 години и со можност за негов повторен избор.
(2) Потпретседателот на Радио клубот го заменува Претседателот во случаеви кога истиот е спречен да ја врши неговата должност од објективни или од субјективни причини.

## VI. СТЕКНУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

**Член 22**

Членовите на Радио клубот се должни средствата со кои располага Радио клубот да ги користат совесно и строго наменски.

**Член 23**

Радио клубот се здружува во Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, а може да членува во меѓународни асоцијации и странски сојузи, под услови утврдени со позитивното законодавство на Република Северна Македонија.

**Член 24**

За остварување на активностите од програмата на Радио клубот, се обезбедуваат финансиски средства на следниот начин :
- Од членарина.
- Од добиени наменски средства.
- Од покровителство.
- Од реализација на договори со други субјекти за извршени услуги, односно активности.
- Од други легални извори на средства.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 25**

(1) Работата на Радио клубот е јавна.
(2) Јавноста во работењето се остварува по пат на информирање на членовите и на другите заинтересирани субјекти за севкупното работење на Радио клубот на најсоодветен начин на информирање според можностите.

## VIII. ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

**Член 26**

Радио клубот со работа престанува врз основа на закон или ако за тоа одлука донесе Собранието на Радио клубот, со двотретиско мнозинство на присутните членови.

**Член 27**

Претседателот на Радио клубот или лице овластено од Собранието, должно е во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката за претсанок со работа на Радио клубот, да го извести надлежниот орган заради бришење од евиденцијата - регистарот.

## IX. РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

**Член 28**

Со донесената одлуката за престанок со работа на Радио клубот, имотот останува на Општина Битола.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Измените и дополнувањата на овој Статут се вршат на начин и во постапка исто како и за неговото донесување.

**Член 30**

Толкување на одредбите од овој Статут дава Собранието на Радио клубот.

**Член 31**

(1) Овој Статут влегува во сила веднаш со неговото донесување.
(2) Со влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Здружението - Радио клубот, донесен на ден 21.01.2011 год.

С О Б Р А Н И Е
НА ЗДРУЖЕНИЕТО РАДИОАМАТЕРСКИ КЛУБ
,,СТЕВО ПАТАКОТ" – БИТОЛА

П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

мп ____________________
Дејан Трајковски